**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ГОДИШЕН БИЛТЕН НА ЕУ НОВОСТИ

јануари - декември
2010 година
СКОПЈЕ

**Петок, 1 јануари 2009 година**
**КОНФЕРЕНЦИЈА ВО МАДРИД ПОСВЕТЕНА НА ШПАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ**

Шпанија е првата земја која го презема шестмесечното претседателството со Советот на министри на ЕУ по стапување на сила на Лисабонскиот договор. Шпанското претседателство треба да постави нови релации помеѓу европските институции, согласно Лисабонскиот договор.

**Четврток, 21 јануари 2010 година**
**НОВАТА ВИЗИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТ**



Европската комисија на 19 јануари 2010 година претстави документ со кој се поставени визиите и идните цели на политиката на ЕУ за биодиверзитет за периодот после 2010 година, со што се одбележа започнувањето на Меѓународната година на биодиверзитет. Еврокомесарот за животна средина, г. Ставрос Димас, потенцирајќи ја важноста на прашањето за заштитата на биодиверзитетот, укажа на потребата за воведување на нова политика и стратегија за периодот после 2010 година.

Биодиверзитетот е огромна разновидност на живиот свет на земјата, природен потенцијал преку кој се обезбедува чист воздух и вода, храна, суровини, лекови, регулатор на климата и заштита од катастрофи. Биодиверзитетот на глобално ниво се намалува во алармантни размери и со катастрофални последици. Денес, загубите на биодиверзитетот заедно со ефектите од климатските промени, претставуваат најголема закана за животната средина со која се соочува човештвото.

Во 2001 година Европската унија постави цел да го запре уништувањето на биодиверзитетот во рамките на Унијата до 2010 година. Оттогаш, беа преземени напори за подобра имплементација на законите, како и дополнителни мерки за зајакнување, одржување и искористување на биодиверзитетот. Европската комисија во 2006 година го усвои Акциониот план на ЕУ за биодиверзитет со цел да се забрза напредокот во оваа област. Најголем успех претставуваше Натура 2000 – ЕУ мрежа на заштитени области, која сега покрива 17% од територијата на Унијата, со што се спречи уништувањето на животната средина. И покрај напорите, постојат јасни индикации дека Европската унија нема да успее да ја исполни поставената цел. Советот за животна средина на ЕУ на состанокот одржан во март 2009 повика на потребата за нова визија и цел за биодиверзитет за периодот после 2010 година, како придонес кон глобалната цел за биодиверзитетот што ќе се усвојува оваа година.

Комисијата ја претстави визијата на ЕУ до 2050 година како и четири различни опции за среднорочните цели што треба да се исполнат до 2020 година. Стратегијата за биодиверзитет на ЕУ ќе биде претставена кон крајот на годината. Зацртаната визија и поставените цели ќе бидат основа на ЕУ за градење на силна позиција за претстојните меѓународни преговори на темата „Нова глобална визија за биодиверзитетот за периодот после 2010 година", што ќе се одржат оваа есен во Нагоја, Јапонија.

**Четврток, 21 јануари 2010 година, Мадрид**
**ЕВРОПСКА ГОДИНА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА И СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ**

Европската комисија и Шпанското претседателство со ЕУ ја започнаа 2010 година како Европска година за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување. На Конференцијата во Мадрид беше претставена програма за подигање на свеста за сиромаштијата под слоганот „Стоп за сиромаштијата, сега!“.

Програмата ќе се имплементира во земјите членки на Европската унија, како и во Исланд и Норвешка. Вкупниот буџет на програмата изнесува 17 милиони евра (дополнет со национално кофинансирање) со кој се очекува да се покријат активностите како на европско така и на национално ниво. Средствата ќе бидат наменети за реализација на кампањи и национални проекти за подигнување на свеста за борбата против сиромаштијата. Целта на кампањите е оваа тема да биде ставена во фокусот на интересите на ЕУ во текот на 2010 година.

Европскиот комесар за вработување, социјални прашања и еднакви можности Владимир Шпидла нагласи дека секој шести Европјанин секојдневно се бори против сиромаштијата, која може да влијае на секој човек, како и на општеството во целина. Ова прашање е ставено на врвот од европската агенда, со цел Европа со заеднички сили да се справи со сиромаштијата и социјалното исклучување.

Годишните активности ќе бидат во голема мера децентрализирани и ќе се реализираат преку националните програми изготвени од 29 земји (27 земји членки плус Исланд и Норвешка). Настаните по повод Европската година за борба против сиромаштија и социјално исклучување ќе се организираат меѓу земјите учеснички, ЕУ, во партнерство со граѓанското општество, невладините организации и социјалните партнери. Низа активности ќе бидат организирани низ цела Европа, кампањи за подигање на свеста на луѓето, информативни средби во училиштата, тркалезни маси и обука за медиумите и одговорните лица. Планираните активности и настаните вклучуваат и две наменски недели, новинарски натпревар, ликовна изложба, и две големи конференции во јануари и декември 2010.

Крајот на Европската година за борба против сиромаштија и социјално исклучување ќе биде обележан со завршна конференција која ќе се одржи на 17 декември во Брисел, под покровителство на Белгиското претседателство со ЕУ.

**Петок, 22 јануари 2010 година, Стразбур**
**НИКИФОРОС ДИАМАНДОРОС РЕИЗБРАН ЗА ЕВРОПСКИ ОМБДУСМАН**

На 20 јануари 2010 година Никифорос Диамандорос повторно беше избран за Европски омбдусман. На оваа позиција Диамандорос е од 2003 година, а на овој избор, со тајно гласање, ја доби поддршката од 340 пратеници на седница на Европскиот парламент.



Во неговиот мандат до 2014 година, Диамандорос ќе се залага ЕУ да ги осварува придобивките за граѓаните кои се овозможуваат со Лисабонскиот договор, зајакнување на конструктивниот дијалог со Европските институции и органи и подобрување на услугите за граѓаните, преку поефикасно искористување на ресурсите. Во агендата на Диамандорос е и зајакнување на соработката со националните и регионални правобранители и да се оствари поефикасна комуникација со граѓаните на ЕУ.

Функцијата омбдусман, која е воведена во 1995 година има за цел да ги истражува жалбите за неприкладно административно работење на институциите на ЕУ, недостатокот на транспарентност и одбивањето да се дадат информации или документи.

**Петок, 22 јануари 2010 година, Стразбур**
**ЕНЕРГЕТСКИ ПАЗАРИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И Е-ТРГОВИЈА**



„Во рамките на шестмесечното претседателство со Унијата, Шпанија ќе врши притисок за заеднички Европски енергетски пазар и е-трговија", истакна премиерот Хозе Луис Родригес Запатеро, на 20 јануари, пред пратениците во Европскиот парламент.

Презентирајќи ги приоритетите на Шпанското претседателство со ЕУ, во Стразбур, Запатеро повика за намалување на енергетската зависност на Унијата, која се зголемила за 9% во последната деценија. Запатеро повика на организирање на заеднички пазар за енергија, додавајки дека тоа е најдобро решение за намалување на енергетската зависност на Европа и истакна дека енергетските поврзувања и заедничките регулаторни правила се столбови на заедничкиот енергетски пазар.

Исто така, Запатеро истакна дека Шпанија ќе врши притисок за инвестирање во дигиталните технологии, имајќи предвид дека 40% од вкупниот пораст на Европа е резултат на овие технологии. Од причина што Европа нема дигитален пазар, е-трговијата е ограничена во рамките на државните граници. Зајакнувањето на дигиталната трговија ќе го поттикне растот во секторот и ќе создаде повеќе работни места.

Шпанскиот премиер повика и на потребата за развој на електричната автомобилска индустрија на ниво на ЕУ.

Стратегијата „ЕУ 2020" за економско и социјално обновување ќе биде камен темелник на шпанското претседателство со ЕУ. Оваа стратегија треба да ја замени Лисабонската стратегија за раст и работни места, усвоена во Португалија пред десет години. Во рамките на стратегијата, Шпанија ќе врши притисок за „нов социјален договор“ помеѓу компаниите и работниците.

Претседателот на Европската комисија, Жозе Мануел Баросо, повика за потребата за силни механизми за координација кои ќе ја придружуваат Стратегијата „ЕУ 2020“. Се очекува финалната стратегија да се усвои на Самитот во јуни 2010 година, а во меѓувреме ќе продолжат консултациите со Европскиот парламент.

**Понеделник, 8 февруари 2010 година, Брисел**

**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДВАЕСЕТГОДИШНИНА ОД ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА УРБАНИОТ РАЗВОЈ**



На 4 февруари 2010 година во Брисел се одржа Конференција за одбележување на дваесетгодишнината од вложувањето на Европската унија во градовите во Европа. Според комесарот за регионална политика, г. Павел Самецки, кој говореше на Конференцијата, „Урбаниот развој е еден од приоритетите на Европската кохезиона политика. Комисијата ги поддржува европските градови во барањата за поголема конкурентност и им помага да развиваат долгорочни и одржливи стратегии“.

Преку иницијативата URBAN I (1994-1999) беа инвестирани над 900 милиони евра од Заедницата, во 118 градови во ЕУ. Вложувањето беше концентрирано на урбаното обновување и создавање на работни места, борбата против социјалната исклученост и еколошките проблеми. URBAN II (2000-2006) конкретно беше насочен на планот и имплементацијата на иновативните економски и социјални обновувања во отсечените области. Со неговите 70 програми беа опфатени околу 2,2 милиони луѓе, со вкупен буџет од 1.6 милијарди евра, вклучувајќи 728 милиони евра од Европскиот фонд за регионален развој. За периодот 2007-2013 година околу 30 милијарди евра од Европскиот фонд за регионален развој се насочени кон урбаниот развој.

Целта на програмата „URBACT“, започната во 2002 година, е да се организира размена меѓу градовите, споделување на искуства и практично знаење. Урбаните иницијативи се обединуваат во регионални програми. Многу европски градови беа обновени преку овие програми. Како примери на успешни проекти со кофинансирање се наведуваат:

„Креатори на просторот“ - проект во Бристол во Обединетото Кралство. Младите луѓе во отсечените делови од градот учествуваа во еден план кој имаше за цел креирање на нов јавен простор, помогнаа во изборот на архитект - пејзажист и за материјалите кои се употребуваа;

„Зелени клучеви“ - проект концентриран на зелените стратегии за урбано планирање во 12 европски градови, меѓу кои и Љубљана, Берлин, Будимпешта, Софија;

„Градот на Ворхол“ - проект во Источна Словачка во градот Медзилаборце, инспириран од уметникот Енди Ворхол, чие семејство потекнува од регионот. Проектот ги спојува туризмот, инфраструктурниот развој и маркетингот;

Реставрацијата на Замокот во Прага, новото метро во Порто, изложбениот центар Фира во Барселона, велосипедските патеки во Виена, поддршката за 150 мали бизниси во Лајпциг, претставуват примери на кохезионата политика и успешниот придонес за Европскиот урбан развој.

**Среда, 7 април 2010 година**
## НОВО ЛОГО ЗА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската комисија го објави новото лого за органски производи во Службениот весник на ЕУ (Регулатива ЕК бр.271/2010 од 24 март 2010 година).

Од 1 јули 2010 година, со преоден период од две години, новото лого ќе биде задолжително за сите органски производи кои се произведени во земјите-членки на ЕУ и ги исполнуваат потребните стандарди. За производи увезени надвор од ЕУ, употребата на органското лого ќе биде незадолжителна.

Органското лого има за цел да се зголеми довербата на потрошувачите и да се зајакне Европскиот органски сектор. Логото на едноставен и непосреден начин упатува на две пораки: природата и Европа.

Употребата на логото на одреден производ ќе значи дека производот има целосна сообразност со европските стандарди за органско земјоделство. Со новата Регулатива за производство, контрола и етикетирање на органска храна, која е во примена од 1 јануари 2009 година, се утврдуваат единствените стандарди за органските производи.

Заедно со органското лого, како предност во идентификацијата на стоките ќе биде и кодот на сертифицираното тело во стандардизиран формат и ознаката на местото на одгледување на земјоделските култури од кои е составен производот.

Дизајнот на новото органско лого е изработен од Душан Миленковиќ, студент од Германија, кој победил на натпреварот за избор на лого за органска храна. На натпреварот биле оценувани околу 3.500 дизајни изработени од студенти по уметност и дизајн. Дизајнот на органското лого е регистриран од Европската комисија како заедничка трговска марка.

**Петок, 16 април 2010 година**
## СТРАТЕГИЈА „ЕВРОПА 2020“

Новата европска стратегија за одржлив раст и работни места, позната како „Европа 2020“, се појави во екот на најголемата економска криза во последните децении. Стратегијата, иновациите и зелениот раст ги поставува во средиштето на нацрт-планот

за конкурентност и предлозите за зајакнување на мониторингот на националните програми за реформи.

Европа 2020 ја заменува Лисабонската агенда од 2000 година, според која Унијата до 2010 година требаше да прерасне во една од најдинамичните светски економии базирани на знаење. Успехот на Европа е можен доколку Унијата дејствува заеднички, преку стратегија која ќе обезбеди поефикасен излез од економската криза, како и обезбедување на одржлива и инклузивна економија која ќе испорача високо ниво на вработеност, продуктивност и социјална кохезија.



Европската комисија официјално ја презентираше новата стратегија на 3 март 2010 година. На Самитот на ЕУ што ќе се одржи во јуни ќе треба да се постигне согласност за посебните програми на земјите членки.

Европа 2020 ја поставува визијата на Европската социјална и пазарна економија за 21 век. Стратегијата во преден план ги поставува трите приоритети за постигнување на:

- силен раст преку развивање на економија базирана на знаење и иновации,
- држлив раст преку промовирање на поефикасни ресурси, позелена и поконкурентна економија и
- вклучителен раст преку економија со висок степен на вработеност и испорачување на социјална и територијална кохезија.

Напредокот на приоритетите ќе се мери преку успешноста и исполнувањето на одредени мерки.

Европската комисија предлага 75% вработеност на европските граѓани на возраст меѓу 20 до 64 години, вложување на 3% од европскиот БДП во истражување и развој, како и да се продолжи интензивно да се работи на исполнување на целите од климатската и енергетската стратегија "20/20/20". Отворањето на нови работни места, како и зголемување на мобилноста на работно способното население и студентите, претставува основна цел на Стратегијата.

За да биде успешна „Европа 2020“, клучно е прифаќањето на стратегијата од страна на земјите-членки на Унијата. Напредокот на земјите одделно ќе го следи Европската комисија преку соодветни инструменти предвидени во стратегијата, но и преку посебен фискален инструмент.

Комисијата предлага во јуни оваа година, Европскиот совет да ги одобри деталните параметри на стратегијата, вклучително и интегрираните насоки и националните цели. За донесување на „Европа 2020“ се очекува и поддршка од Европскиот парламент.

Поважни настани поврзани со Европа 2020:

- 24 ноември 2009 Европската комисија ги започна консултациите за стратегијата „ЕУ 2020“,
- 10 и 11 декември 2009 Самитот на ЕУ ги прегледува приоритетите за ЕУ 2020,

- 15 јануари 2010 Комисијата добива 1.500 претставки до дадениот краен рок,
- 3 февруари 2010 индустриските лидери бараат одговорност за планот за ЕУ 2020,
- 11 февруари 2010 на Самитот на ЕУ е постигната согласност за планот ЕУ 2020 и прифаќање на ограничен број на цели за стратегијата,
- 3 март 2010 Европската комисија го претстави предлогот на „Европа 2020“,
- 25-26 март 2010 на Самитот на ЕУ се дискутира за севкупниот пристап на стратегијата и предложените клучни цели од Комисијата,
- 17-18 јуни 2010 Самит на ЕУ - планирано усвојување на дополнителни детали од стратегијата, вклучително и специфичните цели на земјите
- на есен 2010 земјите-членки треба да поднесат програми за стабилност и конвергенција, како и национални програми за реформи.

**Сабота, 17 април 2010 година**
**КАМПАЊА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСТА ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТ**



На почетокот на април, Европската комисија објави евробарометар испитување кое покажува дека многу Европејци не разбираат што значи поимот биодиверзитет. Според евробарометар испитувањето, околу 38% од граѓаните го разбираат значењето на терминот биодиверзитет, додека 28% слушнале за терминот, но не знаат што точно значи. Повеќето од граѓаните сметаат дека загубата на биодиверзитетот е сериозно прашање.

Комисијата започна посебна кампања со цел да ја информира јавноста за биодиверзитетот во ЕУ. Кампањата насловена „Биодиверзитет - сите заедно“ ќе се спроведува во Европската унија со цел подигање на јавната свест преку посебна веб-страница, видео клипови, односи со јавноста, медиумски и уметнички настани.

Примарна цел на кампањата е поголема информираност за прашањето и состојбите на биодиверзитетот, запознавање на граѓаните со реалните последици со кои би се соочиле во секојдневниот живот, како и акциите кои граѓаните можат да ги преземат за намалување и спречување на загубата на биодиверзитетот.

Во средината на март 2010 година, министрите за животна средина на ЕУ разговараа за новите цели за биодиверзитет, при што беше постигната согласност да се запре загубата на биодиверзитетот и уништувањето на екосистемите. Утврдена е долгорочна визија до 2050 година - период во кој треба да се заштити и да се поврати биодиверзитетот, а целите појасно да се интегрираат во различни политики и стратегии на ЕУ. Заклучоците на Советот на ЕУ беа одобрени на 26 март 2010 година.

Повеќе информации за кампањата за биодиверзитет на следната веб-страница: www.weareallinthistogether.eu

**Среда, 21 април 2010 година**
**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

Европската комисија на 31 март ја усвои Програмата за работа за 2010 година со која се одразува определбата на Комисијата да ја води Европа надвор од економската криза и да испорача политика која ќе биде од директна корист за граѓаните. Комисијата усвои листа со 34 стратешки приоритети за имплементација до крајот на годината и постигната е согласност за други 280 позначајни предлози кои би се разгледувале дополнително.

Со оваа програма, Комисијата ги поставува главните политички заложби кои ќе ги спроведува во наредните години. Новата Комисија ќе дејствува во следните четири главни насоки:

- справување со економската криза, одржување на социјалната и пазарната економија во Европа (зголемен фискален надзор, предлози за опоравување на финансиските пазари, петте иницијативи од Стратегијата Европа 2020);
- градење на граѓанска агенда во која граѓаните се во центарот на европската акција (Стокхолмскиот акционен план, процедурални граѓански права, спроведување на пресудите во граѓански и кривични предмети, ревизија на директивата за работното време, новата Стратегија за биодиверзитет и капацитетите на ЕУ за справување со природни несреќи и катастрофи);
- развивање на амбициозна и кохерентна надворешна агенда на глобално ниво (воспоставување на Европска служба за надворешно дејствување, трговска стратегија за Европа до 2020, управување со процесот на проширување на ЕУ, акциониот план до 2015 година за Милениумските развојни цели и континуираното развивање на билатералните односи) и
- модернизирнизација на инструментите на ЕУ и начинот на работа (поголемо фокусирање кон регулативите, прилагодување на финансиската рамка на Унијата преку ревизија на Буџетот).

Годишно, Комисијата ќе врши ревизија на Програмата за работа и нејзиното спроведување, ќе поставува нови годишни стратешки иницијативи.

**Четвртток, 29 април 2010 година**
**ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРОМОВИРА ПОШИРОКА УПОТРЕБА НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ФАКТУРИРАЊЕ**

Целта на Извештајот подготвен од експерти на Европската комисија е да се промовира поширока употреба на електронското фактурирање во Европа. Извештајот беше презентиран на Конференцијата за електронско фактурирање во Европа, што се одржа на 27 и 28 април во Мадрид, во рамките на Шпанското претседателство со Европската унија.

Електронското фактурирање има значителни предности за јавните и приватните организации. Според експертите, електронското фактурирање е од значителна корист за економијата на Унијата, за подобрување на конкурентноста и на приливот на паричните средства, за намалување на трошоците кај трговските партнери и за поттикнување на развојот на Единствениот пазар.

Во Извештајот се препорачува:

1. Земјите-членки да се фокусираат на специфичните потреби на малите и средни претпријатија, да се понудат едноставни решенија за користење на е-фактурите и за управување со трошоците;
2. Хармонизација на регулаторната рамка која се применува за е-фактурирање во ЕУ, врз основа на подеднаков третман на електронското и печатеното фактурирање;
3. Воведување на заеднички стандарди за формата и содржината на фактурите;
4. Користење на е-фактурирање кое дозволува максимална интероперабилност и
5. Дефинирање на ефикасен план за комуникација кој соодветно ќе ја изрази вредноста на придобивките од неговото усвојување.

Во изминатите неколку години, Комисијата даваше континуирана поддршка за воведување на решенијата за е-фактурирање, беше формирана независна експертска група од соодветната област која на крајот на 2009 година предложи Европска рамка за е-фактурирање.

Создавањето на Единствен простор на европлаќања (SEPA) и Директивата за ДДВ (2006/112/EC) со предложените амандмани за електронско фактурирање за кои моментално се дебатира на Советот, се други активности кои имаат влијание на примената на електронското фактурирање.

**Четврток, 13 мај 2010 година**

## ЕСТОНИЈА ГИ ИСПОЛНИ УСЛОВИТЕ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕВРОПСКА ВАЛУТА



Европската комисија на 12 мај 2010 година објави дека ќе препорача на владите на земјите-членки на Европската унија, Естонија да се вклучи во еврозоната следната година во јануари, со што ќе биде 17-та земја-членка која ќе го воведе еврото.

Шест години по приклучувањето во ЕУ, Естонија ги исполни условите за воведување на еврото.

Соопштението беше придружено со новиот извештај според кој осум други земји-членки на ЕУ: Бугарија, Република Чешка, Латвија, Литванија, Унгарија, Полска, Романија и Шведска сè уште не ги исполнуваат условите за членство во еврозоната. Велика Британија и Данска избраа да не се приклучат во еврозоната.

Државите кандидати за воведување на еврото мора да покажат добра состојба на националните јавни финансии, како и стабилност на цените и на девизниот курс. Каматните стапки на кредитите треба да бидат со ниско ниво, а националното законодавство од областа на монетарните прашања мора да биде во согласност со правото на ЕУ.

Еврото на светските финансиски пазари беше воведено во 1999 година, додека банкнотите и монетите во прометот влегоа три години подоцна.

**Среда, 19 мај 2010 година, Совет за општи работи**
## СТРАТЕГИЈАТА НА ЕУ 2020 - ОДРАЗ НА ЕКОНОМСКИОТ КОНТЕКСТ

На 10 мај 2010 година беше одржан состанок на Советот за општи работи, како подготовка за состанокот на Европскиот совет на 17 јуни. По завршувањето на состанокот, министерот за надворешни работи на Кралството Шпанија, земја актуелен претседавач со ЕУ, Мигел Анхел Моратинос, одржа прес-конференција на која истакна дека земјите-членки на ЕУ се заинтересирани Стратегијата 2020 да го рефлектира новиот економски контекст, кој произлезе како резултат на мерките усвоени на средбите на Еврогрупата и Екофин.

Министерот Моратинос ги истакна позитивните мерки кои беа претходно усогласени, кои според него дадоа „одлучен и сеопфатен одговор на одредени шпекулации".

Тој додаде дека на состанокот во јуни, Советот сака да види „целосен развој на одлуките кои се неодамна донесени", но исто така според него треба да се вклучи и „визија за нова стратегија на ЕУ за економски раст и создавање работни места, позната како Стратегија 2020".

Моратинос најави дека втората точка на дневниот ред на состанокот на Европскиот совет на 17 јуни е „како правилно да се подготват ставовите на ЕУ за да се обезбеди исполнувањето на Милениумските развојни цели".

Како трета точка по која се расправаше на состанокот беа климатските промени. Моратинос истакна дека „По Конференцијата за климата во Копенхаген, ЕУ мора да го потврди својот став во врска со климатските промени на највисоко ниво, со цел да биде подготвена за конференцијата која ке следи во Канкун, со цел да се реализираат утврдените приоритети".

**Среда, 19 мај 2010 година**
## ДВОДНЕВЕН СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ

Дводневниот состанок на Советот за конкурентност се одржа на 25 и 26 мај 2010 година и истиот беше наменет на прашања кои се од суштинско значење за развојот на идната ЕУ-стратегија за економски раст и работни места. Стратегијата позната како „Европа 2020" се очекува да биде усвоена од страна на Европскиот совет на 17 јуни.

Во овој контекст, министрите во своите обраќања се фокусираа на внатрешниот пазар, кој претставува цврста основа за успех на новата стратегија, како и неколку сродни аспекти за функционирањето на системот трговска марка, имплементација на директивата за услуги и подобрувањето на правата на потрошувачите.

Од страна на Советот, се усвоија заклучоци во поглед на создавање иновативна Европа; промоција на чисти и енергетски ефикасни автомобили; развојот на Европска истражувачка област како и поедноставувањето на програмите за истражување.

**Среда, 19 мај 2010 година**
**КОНФЕРЕНЦИЈА НА ВИСОКО НИВО НА ТЕМА: ЕВРОПСКА УНИЈА ПО ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР**



Истакнати креатори на политики, академици и новинари, на 25 и 26 мај 2010 година се сретнаа во Европскиот парламент во Брисел, со цел да се разгледа влијанието на Лисабонскиот договор врз Европската унија.

Глобалната конференција „Жан Моне" се организира од страна на Европската комисија, која секои две години упатува покана до Здружението за истражување на Европската заедница за учество на овој настан.

Претседателот на Европската комисија Жозе Мануел Баросо, одржа говор на отворањето на конференцијата, а Комесарот за образование, култура, повеќејазичност и младина, Андрула Василиу, ја претстави наградата „Жан Моне" за 2010 година за посебни достигнувања во областа на студиите за европска интеграција.

Програмата „Жан Моне" востанови традиција на консултирање со академскиот свет со цел да се даде размислување за актуелните прашања кои се однесуваат на европската интеграција. Овие размислувања често прераснуваат во големи меѓународни конференции со учество на креатори на политики, граѓанското општество и врвни академици. Програмата „Жан Моне" придонесе за поедноставување на глобалниот дијалог и повеќепати досега даде насоки за водењето политика на Европската комисија.

Повеќе информации за Конференцијата „Жан Моне" на
http://ec.europa.eu/education/jean-monnet/doc822_en.htm.

**Вторник, 25 мај 2010 година**
**ДОНЕСЕНА РЕГУЛАТИВА ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ЕВРОПА**

На 11 мај 2010 година во Службениот весник на Европската унија објавена е Регулативата бр. 407/2010 за воспоставување механизам за финансиска стабилизација на Европа.

Оваа Регулатива ги одредува условите и процедурите под кои финансиската помош од Европската унија ќе биде доделувана на земја членка која е затекната или сериозно и се заканува економска и финансиска криза, како последица на исклучителни околности кои се надвор од нејзина контрола. Земена е предвид можноста земјите кои не се членки на Европската унија да аплицираат за користење на среднорочна финансиска помош, согласно Регулативата бр. 330/2002.

Регулативата 407/2010 е подготвена согласно Членот 122/2 од Договорот за функционирање на Европската унија и има за цел зачувување на финансиската стабилност во Европската унија.

**Вторник, 25 мај 2010 година**

## СТРЕМЕЖ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПОДОБРУВАЊА



Европската комисија ќе презентира анализи за импликациите на зголемување на целите на ЕУ за намалување на емисиите на стакленички гасови до 2020 година за 20% до 30% (споредено со нивото од 1990).

Документот ќе ги испитува придобивките и трошоците од редуцирањето на емисиите на гас до 30% како и практичните опции за подобрување. Исто така, ќе се утврди ризикот од „истекување на јаглерод“ , релокација преку енергетски сектори на земјите кои воведуваат помалку ограничувања за емисиите на јаглерод, поради резултатите од Конференцијата за климатски промени на Обединетите нации која се одржа минатиот декември во Копенхаген.

Намалувањето на емисиите на стакленичките гасови за 20% е заложба на Европската унија уште од 2007 година и имплементирана преку енергетскиот и климатскиот пакет од 2008 година. Оттогаш Европската унија е ставена во неповолна конкурентна положба, бидејќи економиите на САД и Азија, за разлика од Европа, инвестирале многу повеќе во намалување на емисии на јаглерод. Поради ова неопходно е да се земе предвид зајакнувањето на целите за подобрување на емисии на гас од климатските и енергетските пакети.

**Понеделник, 31 мај 2010 година**

## СОВЕТОТ НА ЕУ ГИ УСВОИ ЗАКЛУЧОЦИТЕ ЗА СТРАТЕГИИТЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ИЗЛЕЗ



Советот во декември 2009 година се согласи да започне со подготовка на координирана и транспарентна стратегија за напуштање на праксата на различни шеми за помош во полза на финансиските институции. Советот, исто така, даде согласност за голем број на елементи кои треба да бидат земени предвид како излезните стратегии, главно поврзани со макроекономска и финансиска стабилност, функционирањето на кредитите и на темпото на природното исфрлање од употреба од страна на банките, како и да започне со напуштање на употребата на државните гаранции за долгот на банките, и го покани Европски централен фонд, во соработка со Комисијата, Комитет на европски банкарски супервизори и Европската централна банка и понатаму да разговараат за можните решенија.

Следствено на ова, во март Советот ја поздрави Прелиминарната анализа од страна на службите на Комисијата за суштинската употреба на гарантните шеми и ја покани Комисијата да продолжи со својата работа, во соработка со Европската централна банка, особено на трошоците за гарантираното и негарантираното финансирање во Европскиот банкарски сектор. Советот, исто така, го повика Европскиот централен фонд да разговара за наодите кои произлегуваат од дејноста, за потребата за известување до Советот на редовна основа, со оглед на Европскиот совет во јуни 2010 година.

**Петок, 4 јуни 2010 година**
**КОНФЕРЕНЦИЈА „ЗЕЛЕНА НЕДЕЛА 2010“**

На 1 јуни Комесарот за животна средина, г. Јанез Поточник, ја отвори четиридневната конференција насловена како „Зелена недела 2010“, посветена на прашањата од областа на животната средина.

Оваа годишна конференција е десетта по ред и е најголема досега, а оваа година темата е биодиверзитетот, што е согласно Меѓународната година на биодиверзитетот.

„Зелената недела 2010“ се реализира од 1 до 4 јуни, а ќе биде насочена кон моменталната состојба на природата и биодиверзитетот. Ќе бидат понудени потенцијални решенија за одредени алармантни прашања од оваа област. Предвидено е да учествуваат околу 3.800 лица од институциите на ЕУ, бизнис заедницата, невладините организации, јавни личности, како и лица од научната и академската област. „Зелената недела 2010“ нуди можност за размена на искуства и информации меѓу институциите, јавноста и медиумите.

Организатор на оваа манифестација е Генералниот директорат за животна средина при Европската комисија.

Повеќе информации за овој настан на http://ec.europa.eu/environment/greenweek/

**Понеделник, 7 јуни 2010 година**
**СОСТАНОК НА ВИСОКО НИВО ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН**




Во Сараево, на 2 јуни 2010 година, се одржа состанок на високо ниво за Западен Балкан, со што се одбележа десетгодишнина од Самитот во Загреб, кој понуди европска перспектива за Западен Балкан, претходно утврдена со Солунската агенда од 2003 година.

На состанокот беше истакнато дека влегувањето во сила на Лисабонскиот договор претставува нова фаза во процесот на европската изградба и обезбедува инструменти и средства за зајакнување на улогата на ЕУ како глобален учесник.

Европската унија ја потврди потребата за јасна и строга условеност, во рамките на процесот за стабилизација и асоцијација и во согласност со обновениот консензус за проширувањето, одобрен од страна на Европскиот совет во декември 2006 година.

На состанокот, за земјите од регионот беше констатиран значаен напредок на полето на политичките и економските реформи, докажано со тековните пристапни преговори, подготовките на мислењата за апликациите за членство и воспоставување на мрежа на договори за стабилизација и асоцијација.

Земјите од Западен Балкан мора да ги интензивираат напорите за да ги исполнат неопходните поставени критериуми и услови на патот за членство во ЕУ. Во оваа насока, Западен Балкан продолжува да се соочува со големи предизвици во однос на владеењето на правото, како што се административните и судските реформи, борбата против корупцијата и организираниот криминал, прашања кои се клучни за функционирање на демократијата и економијата. Прашањата што се однесуваат на слободата на изразување и медиумите треба итно да се решат.

Формирањето на Советот за регионална соработка претставува значаен чекор напред. Потребно е да се подобри неговата ефикасност преку имплементирање на стратегија ориентирана кон резултати, со која ќе се утврдат јасни и приоритетни насоки на дејствување и основа за насочување на различните иницијативи од регионот. Консолидирањето и понатамошниот развој на ЦЕФТА е еден од стратешките приоритети.

Во однос на регионалната соработка, која придонесува за добрососедските односи и е клима погодна за адресирање на отворени билатерални прашања, учесниците на состанокот ги охрабрија засегнатите страни да вложат најдобри напори за решавање на отворените билатерални прашања, во европски дух.

На состанокот беше поздравена намерата на ЕУ за проширување на визната либерализација за сите граѓани на Западен Балкан, откако ќе се исполнат сите услови за тоа.

Регионалната стратегија за обнова и развој треба да ги следи главните параметри на Стратегијата ЕУ 2020, базирана врз знаење и иновации, како и да ги земе предвид специфичните карактеристики на земјите од Западен Балкан. Членството во ЕУ на сите држави од Западен Балкан останува заедничка цел.

**Петок, 11 јуни 2010 година**

**СТРАТЕГИЈА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКАТА ВО ЕВРОПА**



Европската комисија на 9 јуни презентираше реформи за модернизација на стручното образование и обуката во Европа, со цел образованието да стане поатрактивно за младите и да се понуди повисок квалитет на образованието, како и можности за надградување на вештините на повозрасните луѓе.

Документот насловен како „Нов стимул за европска соработка во стручното образование и обуката за поддршка на Европската стратегија 2020", Комисијата ја претстави визијата за модернизација на образованието за следните десет години. Се очекува европските министри да го прифатат документот до крајот на оваа година, во рамките на Копенхагенскиот процес кој стартуваше во 2002 година со цел да им помогне на државите да развиваат иновативни политики и акции. Копенхагенскиот процес се прегледува на секои две години, од страна на министрите од 31 држава, европските социјални партнери и Европската комисија, кои треба да се состанат во декември оваа година во Бриж, Белгија со цел да постават амбициозна агенда за модернизација за наредните десет години.

Усвоениот план предвидува неколку начини за подобрување на стручното образование и обуката:

- пристапот до обуки и квалификации да биде флексибилен и достапен во сите фази од животот,
- подобрување на мобилноста за да се олесни стекнувањето на искуство надвор од земјата, или од друг економски сектор,
- обезбедување на поквалитетно образование и обука,
- обезбедување на повеќе можности за луѓето, оние кои го напуштиле школувањето, слабо квалификувани, невработени, емигранти, како и луѓе со посебни потреби и
- креирање на иновативно и претприемничко размислување кај учениците.

Планот на комисијата е изграден врз основа на целите на Стратегијата Европа 2020, а исто така ќе биде поврзан и со иницијативата „Млади во движење" која ќе се залага за поголеми можности за учење и мобилност на младите луѓе.

Подетални информации околу Стратегијата на следниот линк:
http://ec.europa.eu/education/vocational-education/doc/com296_en.pdf

**Петок, 11 јуни 2010, Европски совет**
**ПРОЕКТ ЕВРОПА 2030**

Согласно заклучоците на претседателството на Европскиот совет од 14 декември 2007 година, беше формирана независна група во 2008 година, со цел да ги идентификува и анализира состојите и да предложи решенија на подолг рок со цел да се исполнат предизвиците со кои Европската унија ќе се соочува во периодот до 2020-2030 година. Групата е предводена од г.Фелипе Гонзалес и е составена од 12 членови експерти од различни области.

Независната група започна со работа во декември 2008 година, а својот извештај насловен како "Проект за Европа 2030 - предизвици и можности", во мај оваа година го предаде на претседателот на Европскиот совет г. Херман Ван Ромпуј. Извештајот треба да се презентира на јунскиот состанок на Европскиот совет.

Во извештајот е содржана широка листа на состојби и проблеми со кои се соочува Унијата и нејзините земјите членки во смисла на зајакнување и модернизација на европскиот модел на економска успешност и социјалната одговорност, владеењето на правото, зајакнување на конкурентноста во ЕУ, светската економска криза, климатските промени, енергијата, државната помош за банките, и сл.

На церемонијата на предавањето на извештајот што се одржа во мај оваа година, г. Херман Ван Ромпуј истакна дека "Време е Европската унија да го развие сопствениот потенцијал и капацитет на долг рок. Независната група ги идентификуваше сите големи предизвици на Европската унија, сите големи можности за Европа, кои се клуч за иднината.“

**Вторник, 15 јуни 2010 година**
**ЕВРОПСКА ЕНЕРГЕТСКА ЗАЕДНИЦА ЗА 21 ВЕК**



На заедничкиот парламентарен состанок на членовите на Европскиот парламент и членовите на националните парламенти, одржан во ЕП на 7 и 8 јуни оваа година, се дебатираше на тема „Кон Европска енергетска заедница за 21 век".

Трите столбови за формирање на новата Европска енергетска заедница се: одржливоста, конкурентноста и безбедноста во снабдувањето со енергија. Прв чекор за формирање на енергетската заедница е интерконекција на националните енергетски мрежи на земјите-членки на Унијата.

Во Декларацијата за создавање на Европска енергетска заедница, покрената на 5 мај годинава по иницијатива на актуелниот претседател на Европскиот парламент г. Јержи Бузек и поранешниот претседател на Европската комисија г. Жак Делор, наведено е дека „во новата декада од 21 век, Европа се соочува со неколку кризи во областа на енергетиката, животната средина, а пред сè во економијата. Состојбата повикува на нови приоритети, а предизвиците нудат нови можности. Развојот на одржливи и прифатливи алтернативни извори на енергија е клучен за нова индустриска револуција што ќе придонесе за излез на Европа од економската криза".

Европската унија мора што поскоро да ги донесе правилата за регулирање на заедничката енергетска политика со цел да ја подобри конкурентноста и безбедноста во снабдувањето со енергијата.

Во дебатата се потенцираше потребата од поголема активност на земјите-членки во создавањето на заедничка регулатива за енергетскиот сектор, потребата за меѓусебно поврзани енергетски мрежи заради создавање единствен пазар, како и потребата за поголеми истражувања во областа на обновливите извори на енергија.
Учесниците во дебатата говореа за можностите за напредок во енергетскиот сектор, предлозите за шенген модел за слободно движење на енергетските ресурси со цел да се олесни соработката во енергетскиот сектор.

Целосно поврзани енергетски мрежи се предуслов за единствен пазар на енергија, тоа ќе се овозможи намалување на цените на енергијата во корист на потрошувачите. Поголемата енергетска ефикасност ќе ја подобри конкурентноста на секторот, со што ќе се овозможи снабдувачите на енергијата да ги насочат инвестициите кон почисти алтернативни извори.

Учесниците повикаа на поголема енергетска ефикасност и поголема соработка на земјите-членки во развојот на чисти технологии. Фискалната и финансиската поддршка може да доведе до зголемување на производството и намалување на трошоците на подолг рок.

Претседателот на Европскиот парламент, г.Јержи Бузек, истакна дека „обновливите ресурси треба да бидат врвен приоритет на идната Европска енергетска политика, најдобра основа за идната Европска енергетска заедница е зајакнување на соработката меѓу земјите-членки на ЕУ".

**Понеделник, 21 јуни 2010**
**ОЛЕСНУВАЊЕ НА ВИЗНИОТ РЕЖИМ СО ГРУЗИЈА**

Европската унија и Грузија на 17 јуни потпишаа договор за олеснување на визниот режим, со што се отвораат можности за полесно патување и подобро остварување на контакти помеѓу луѓето низ Европа.

„Визната либерализација и договорот за реадмисија се резултат на Источното партнерство, со тоа ќе се зајакне и соработката во борбата против незаконската имиграција", истакна Сесилија Малмстром, Комесар за внатрешни работи на ЕУ.

Со овој договор се намалуваат трошоците за виза од 60 на 35 евра за сите граѓани, а за одредени категории на апликанти има дополнителни олеснувања во поглед на потребните документи за добивање виза. Деца помали од 12 години, пензионери, лица со посебни потреби, студенти и претставници од граѓанските организации ќе бидат целосно ослободени од виза.

Од 2006 година, ЕУ потпиша договори за визна либерализација со Русија, Украина, Република Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и Молдавија.

**Вторник, 29 јуни 2010 година**
**ЕВРОПСКИ СОВЕТ ОДРЖАН НА 17 ЈУНИ 2010 ВО БРИСЕЛ**

На 17 јуни 2010 година во Брисел се одржа состанок на европските лидери кој помина во знакот на светската економска криза и влијанието врз земјите членки на Европската унија.

На состанокот беше усвоена новата десетгодишна стратегија Европа 2020, документ кој е од особено значење за излез од финансиската криза. Целта на оваа стратегија е да се зголеми конкуренцијата и продуктивноста кои неминовно позитивно ќе влијаат на потенцијалот за раст, ќе ја подобрат социјалната кохезија и економското управување. Стратегијата предвидува среднорочни и долгорочни реформи преку кои ќе се обезбеди зголемување на вработеноста и одржливост на јавните финансии, за што е потребна и реформа на пензискиот систем.

Земјите членки на Унијата се обврзаа дека и понатаму ќе работат на исполнување на петте главни цели на ЕУ, вработувањето, подобрувањето на условите за иновации, истражување и развој; исполнување на целите и обврските поврзани со климатските промени и енергијата, подобрувањето на образовните нивоа и промоција на социјалната вклученост особено преку намалување на сиромаштијата.

Европскиот совет преку своите заклучоци потенцираше дека економската криза ги детектираше слабостите во однос на економското управување, заради што земјите се заложија за итна координација на економска политика и имплементирање на буџетските правила во целост.

Советот се осврна и на Самитот во Торонто, за што уште еднаш ги потврди своите позиции, договорени со Условите за препорака за подготовки за министерскиот

состанок во Бусан. Лидерите на земјите членки на Унијата сметаат дека Г-20 мора уште еднаш да ја потврди посветеноста на реформирање на финансиските системи и да покаже брз напредок.

Европскиот совет донесе заклучоци и по однос на милениумските развојни цели и климатските промени, за што уште еднаш се подвлече одлучноста на Унијата и гарантирање на превземените обврски.

Во однос на политиката на проширување, лидерите на овој состанок го поздравија мислењето на Европската комисија за апликацијата на Исланд и препораката дека треба да се започнат пристапни преговори.

**Четврток, 1 јули 2010**
**БЕЛГИСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО СОВЕТОТ НА ЕУ**

Од 01 јули до 31 декември 2010 година Белгија го презема претседателството со Европската унија. Ова претставува вистински предизвик, особено поради многуте измени кои произлегуваат од Лисабонскиот договор, кој стапи во сила на 1 декември 2009 година.

Белгија ќе ги реализира приоритетите на претседателството кое ќе се одвива во рамките на заедничка работна програма на трите претседателства на Шпанија, Белгија и Унгарија. Програмата опфаќа период од осумнаесет месеци, од јануари 2010 до јуни 2011 година.

Со заедничката програма поставени се следните главни цели:

- преглед на Лисабонската стратегија со цел подобра подготвеност на ЕУ во надминувањето на економската криза, обновување на одржливиот развој, зголемување на процентот на вработеност и подобрување на конкурентноста,
- подобра контрола на финансиските пазари,
- проширување на социјалната агенда и концентрирање кон младите, борбата против родовата дискриминација и против сиромаштијата,
- енергијата и климатските промени,
- ЕУ како траен простор на голема слобода, безбедност и правда (Стокхолмска програма)
- воспоставуавање на глобална европска политика за имиграција и азил,
- воспоставување на поконзистентно и поефикасно надворешно претставување на ЕУ и
- истакнување на заштитата на човековите права и основни слободи.

Со цел да обезбеди најдобро дефинирање на приоритетите од сопственото претседателство, Белгија организирала бројни средби генерално со граѓанското општество (консултантски тела, социјални партнери, невладини организации).

Како претседавач со Советот на ЕУ, улогата на Белгија главно се состои од организирање и управување со работата на секој Совет одделно, претставен од надлежните министри, освен Советот за надворешни работи. По стапувањето во сила на Лисабонскиот договор, овој Совет е под надлежност на Високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика.

Претседателството игра важна улога во преговорите со другите институции на Унијата, особено со Европскиот парламент кој исто како и Советот, треба да даде согласност за најголем дел од европското законодавство.

**Петок, 9 јули 2010 година**

**ПОСТРОГИ ПРАВИЛА ЗА ЕМИСИИ ОД ИНДУСТРИСКИТЕ ГАСОВИ**

Европскиот парламент на 7 јули оваа година ја одобри новата Директива за емисии од индустриските гасови. Целта на директивата е да се подобри заштитата на здравјето и животната средина, воведување на појасни правила и полесна имплементација на регулативата.

Новата директивата ги дополнува и интегрира седумте дела од постојното ЕУ законодавство, директивите за големите постројки за согорување и Директивата за интегрирана превенција и контрола на загадувањето, со кои се опфатени околу 52.000 индустриски и земјоделски инсталации со висок потенцијал на загадување (рафинерии, фарми и сл.)

Со директивата се воведуваат построги ограничувања за загадувањето на воздухот. Земјите-членки на Унијата ќе имаат можност за одредена флексибилност, за продолжување на крајниот рок за електрични постројки или можност за изземање од правилата на други инсталации во посебни случаи. Во 2016 година ќе се воведуваат построги ограничувања за емисиите од нитроген оксид, сулфур диоксид и за прашина. Поновите електрични постројки се обврзани да го запазат рокот за исполнување на целите до 2012 година.
Членовите на Европскиот парламент се согласија земјите-членки да ги користат националните преодни планови за да им се овозможи на големите постројки до јули 2020 година да ги исполнат условите.

**Среда, 14 јули 2010 година**

**ПОЗИЦИЈА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ПОГЛЕД НА ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ФИНАНСИСКИОТ НАДЗОР**



Советот на Европската унија на 13 јули оваа година ја утврди својата позиција за продолжување на преговорите со Европскиот парламент, за пакетот на мерки за реформа на Европската рамка за надзор на финансискиот систем.

Европската комисија во 2009 година презентираше предлози во насока на зајакнување на финансискиот надзор:

- нацрт-регулативи на Заедницата за макро претпазлив надзор над финансискиот систем, основање на Европски одбор за системски ризици и доверување на посебни задачи на Европската централна банка во однос на функционирањето на одборот;
- нацрт- регулативи за основање на три нови европски тела за: банкарство, за осигурување и професионални пензии и за хартии од вредност,
- нацрт-директива за измена на постојното законодавство во однос на овластувањата на трите нови органи.

Повеќето од текстовите се во процедура која вклучува соодлучување меѓу Парламентот и Советот. Преговорите со Парламентот се со цел да се овозможи донесување на текстовите во прво читање, со што Европскиоt одбор за системски ризици и трите нови органи за надзор би биле оперативни од 1 јануари 2011.

Благодарение на преговорите меѓу Советот и ЕП, постои голем степен на конвергенција меѓу двете институции. Бидејќи не беше постигната целосна согласност како што првично беше предвидено да му се овозможи на Парламентот да одржи прво читање на документите на 8 јуни, Парламентот го одложи гласањето за следната пленарна седница.

**Понеделник, 19 јули 2010**

**ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПРЕДЛОЖИ МЕРКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ**

Европската комисија на 12 јули оваа година предложи пакет на мерки за измена на постојните европски правила, а со цел да се зголеми довербата во финансиските услуги. Мерките се однесуваат на дополнително подобрување на заштитата на корисниците на банкарските сметки, подобрување на заштитата на осигурителните полиси и за инвеститорите во ЕУ.

Со неодамнешните случувања и турболенции на пазарот беше потврдена потребата за брзо завршување на реформите потребни за да се зајакне и да се стабилизира финансискиот систем, како на европско, така и на светско ниво.

Комисијата организираше јавна консултација за можностите за подобрување на заштитата на корисниците на осигурителни полиси, вклучувајќи ја и можноста за воспоставување планови за осигурување на гаранциите во сите земји-членки на ЕУ. Клучни елементи на предлогот на Комисијата се: подобра покриеност, побрзи исплати на средства, подобро информирање на корисниците и долгорочно и одговорно финансирање.

Со усвоените мерки, се предвидува заштита на корисниците на банкарски сметки во случај на стечај на банка. Корисниците во рок од 7 дена ќе може да ги добиваат сопствените средства назад, а се зголемува и износот на обештетувањето до 100.000 евра.

Пакетот мерки на Комисијата содржи:

1. *Предлог за подобрување на гарантните депозити во европските банки*. Комисијата предлага сите банки во Унијата да обезбедуваат подеднакво ниво на заштита на вложувачите, побрза исплата на средства во случај на банкарски стечај, како и побрзо информирање на сопствениците на банкарските сметки. Во моментот во 27 земји-членки се користат 40 планови/шеми за гарантните депозити, но понекогаш плановите се различни дури и во една иста земја;
2. *Предлог за подобрување на европските планови за компензација на инвеститорите*. Овие планови имаат за цел да обезбедат заштита на инвеститорите од ризици во случај на штети кога инвестиционата компанија не е во состојба да ги отплаќа или да ги враќа средствата до клиентите. Со цел да се обезбеди подеднакво ниво на заштита на целата територија на ЕУ, Комисијата предлага минимални правила како треба да функционираат плановите за компензација. Во моментот во ЕУ се користат 30 планови за компензација на инвеститорите кои обезбедуваат различен степен на заштита;
3. *Бела книга за плановите за осигурување на гаранциите*. Овие планови обезбедуваат крајна примена на заштита до потрошувачите во случај кога осигурителното друштво/осигурителот не е во можност да ги исполни договорните обврски. Во моментот нема заеднички европски правила за плановите за осигурување на гаранциите, само 12 од земјите-членки користат еден или повеќе од овие планови. Со Белата книга ќе се утврдат идеи за една кохерентна рамка за плановите за осигурување на гаранциите за целата територија на ЕУ со цел да се отстранат постојните пречки;
4. *Подобро информирање*. Корисниците на банкарските сметки ќе бидат подобро информирани за покриеноста и начинот на функционирање на планот преку нов лесно разбирлив стандарден образец, како и за состојбата на сопствената банкарска сметка.

**Четврток, 22 јули 2010 година**
**ЕВРОПСКИ ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛ E-JUSTICE**

Европската унија на 16 јули го промовираше новиот интернет портал e-Justice, преку кој на електронски начин и од едно место се обезбедува пристап до правдата насекаде во Европската унија.

Првичната верзија на порталот содржи повеќе од 12.000 страници со информации од областа на правдата кои сега ќе им бидат достапни на повеќе од 10 милиони граѓани кои се вклучени секоја година во прекугранични судски постапки. Содржината на веб-локацијата е достапна на 22 официјални јазици на Унијата. Комисијата ќе биде одговорна за управување со порталот, ќе продолжи тесно да соработува со земјите-членки со цел збогатување на содржината и функционалноста на порталот.

Порталот e-Justice ќе биде корисен за граѓаните, претпријатијата, судиите, адвокатите и нотарите, во однос на правните прашања од прекуграничен карактер, ќе се зголеми заемното разбирање за различните правни системи и ќе се придонесе во креирањето на единствена област на правото.

Преку порталот, граѓаните можат да добијат одговори за начинот на кој функционираат правните системи во сите 27 земји-членки на ЕУ, брзи одговори поврзани со секојдневни случувања, како што се судски спорови, разводи, да најдат правен застапник во друга земја, да се информираат како да се избегнат високите судски трошоци по пат на медијација, каде се донесува пресуда за судски процес, применливоста на правото на земјите-членки во судски случаи, дали се квалификувани за добивање на правна помош. Адвокатите, нотарите и судиите може да имаат пристап до базите со правни податоци, да остварат контакти со соодветните колеги преку правната мрежа, да обезбедат информации за судски обуки и за прекугранични видеоконференции. Преку разни линкови од порталот, претпријатијата може да се информираат за регистрите за недвижности и за ликвидност, за постојните закони и за прекуграничните процедури.
Во ноември 2008 година беше усвоен Акционен план за Европска e-Justice 2009-2013, кој има за цел подобрување на пристапот до правдата. Развојот на информатичката и комуникациската технологија може да одигра клучна улога за подобрување на начинот на работата на судските системи, се олеснува секојдневната работа на практичарите на правото и се унапредува соработката меѓу правните органи.
https://e-justice.europa.eu

**Среда, 28 јули 2010 година**

**ОДРЖАН СЕДМИОТ СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА**



На 27 јули оваа година во Брисел се одржа Седмиот состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија. Со состанокот претседаваше г.Стивен Ванакере министер за надворешни работи на Кралството Белгија во соработка со комесарот за проширување г.Штефан Фуле. Во составот на делегацијата на Република Македонија предводена од министерот за надворешни работи г. Антонио Милошоски учествуваа заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања г.Васко Наумовски и државниот секретар на Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор г.Илхам Исмани. На состанокот присуствуваше и Специјалниот претставник и шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Македонија, г.Ерван Фуере.

Советот за стабилизација и асоцијација ја забележа примарната цел на земјата и силната посветеност за отварање на пристапните преговори што е можно поскоро. Советот беше информиран за посветеноста на Владата кон натамошно ефикасно спроведување на реформите, особено во судството, јавната администрација, борбата против корупцијата, економските реформи.

Европската унија истакна дека во процесот на визна либерализација земјата демонстрираше капацитет за спроведување на реформите за оваа прашање.

Советот за стабилизација и асоцијација ги разгледа клучните постигнувања од минатата година во однос на исполнувањето на политичките критериуми. Забележани се напорите за имплементирање на Законот за Собрание и основањето на собраниска анкетна комисија во врска со случувањата во Собранието на 1 јули оваа година. Советот истакна дека најдобар начин за подобрување на политичката клима е целосна имплементација на Законот за Собрание, усвојување на Деловникот за работа на Собранието и продолжување на формалните координативни состаноци меѓу координаторите на пратеничките групи.
Европската унија ја повтори важноста од обезбедување на конструктивен дијалог меѓу политичките фактори заради одржливо спроведување на клучните реформи и на Охридскиот рамковен договор.

Советот ги забележа континуираните напори во судските реформи вклучително и предвидените законски измени со цел зајакнување на автономијата, независноста, ефикасноста и професионалноста на судството. Во овој поглед укажано е на важноста од обезбедување на независност и објективност на судиите и јавните обвинители.

Во однос на реформите на јавната администрација, Советот ја истакна важноста од зајакнатата правна рамка, се охрабруваат континуираните напори за унапредување на транспарентноста, професионалноста и независноста на јавната администрација.

Советот за стабилизација и асоцијација истакна дека Охридскиот рамковен договор останува клучен дел од политичките критериуми и важен елемент на демократијата и владеењето на правото, и истиот мора да биде целосно спроведен.

Европската унија потсети дека регионалната соработка и добрососедските односи претставуваат суштински дел од процесот на приближување кон Унијата.

Советот ги забележа мерките што се однесуваат на исполнувањето на економските критериуми и функционирањето на пазарната економија. Во областа на статистиката, пописот на населението планиран за 2011 е особено важен.

Во однос на новиот Инструмент за претпристапна помош, постигнат е напредок во институционалните подготовки за децентрализирано спроведување на ИПА кои допринесоа за доделување на управувањето со три ИПА компоненти, а за останатите две компоненти подготовките се во тек.

Советот за стабилизација и асоцијација забележа висок степен на усогласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во однос на усогласување со правото на ЕУ, забележан е напредок во хармонизацијата на законодавството и градењето на административниот капацитет во многу области. Советот ја поздрави Националната програма за усвојување на правото на ЕУ-ревизијата 2010 и практиката на надлежните органи за нејзино годишно ажурирање врз основа на Извештајот на ЕК за напредокот на земјата, како и прогресивното учество на земјата во програмите на Заедницата.

Европската унија го поздрави континуираното активно учество на земјата и конструктивниот пристап во регионалната соработка вклучително и иницијативи како што се Процесот за соработка на Југоисточна Европа, Советот за регионална соработка, придонесот кон мисијата ЕУ-Алтеа мисијата во Босна и Херцеговина.

**Среда, 28 јули 2010 година**

**ЕВРОПСКАТА УНИЈА ГИ ЗАПОЧНА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО ИСЛАНД**

Во Брисел, на 27 јули 2010 година, се одржа првата меѓувладина конференција за пристапување на Исланд во Европската унија, при што формално се отворија пристапните преговори. Белгиското претседателство со ЕУ ја предаде Европската

рамка за преговорите каде се поставени принципите, содржината и постапките врз кои ќе се одвиваат преговорите со Исланд.

Пред да се започнат преговорите одделно по поглавјата помеѓу Исланд и земјите-членки на Унијата, ќе следи процес на проверка-скрининг, кој ќе овозможи длабинска анализа на европските правила и прописи со кои земјата ќе мора да се усогласи. Според проценките, процесот треба да се одвива од ноември годинава до средината на следната година. Потоа Европската комисија треба да изврши проценка колку државата ќе биде подготвена за членство во ЕУ. По завршувањето на скринингот, поглавјата одделно може да бидат отворени за преговори меѓу земјите-членки и Исланд.

Во рамките на Инструментот за претпристапна помош, Комисијата ќе продолжи да го поддржува процесот на пристапување на Исланд преку претпристапните фондови за да помогне во натамошното усогласување на законодавството со правото на ЕУ, како и за обезбедување на објективни информации за ЕУ и европските политики. Покрај Хрватска и Турција, кои преговорите ги отворија во 2005 година, Исланд е трета земја со која ЕУ моментално преговара за пристапување.

Преговарачката рамка претставува суштинска референца - преглед на пристапните преговори со земјата-кандидат. Се неа се укажува на областите во кои се потребни посебни напори за исполнување на пристапните критериуми. Во случајот на Исланд тоа се земјоделството и руралниот развој, животната средина, риболовот, слободното движење на капиталот и финансиските услуги.

**Среда, 18 август 2010**
**НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ**



Циклусот преговори за климатските промени, кој се одржа од 2 до 6 август во Бон, донесе конструктивни резултати, при што беше предвидено усогласување кое ќе содржи пакет од конкретни и избалансирани мерки.

Постигнатиот напредок ќе послужи како основа за преговорите на конференцијата во Канкун, Мексико, која ќе се одржи од 29 ноември до 10 декември 2010 година. Резултатите од оваа конференција треба да овозможат воспоставување конкретни и избалансирани мерки на следниве теми:

- Намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Систем на „мерење, известување и верификација“;
- Адаптација на последиците од климатските промени;
- Платформа за поддршка на земјите во развој во приспособување на последиците од климатските промени и преминување кон помала употреба на јаглерод (фондови, технологии, зајакнување на капацитети);
- Унапредување на технологии за олеснување и адаптација;

- Намалување на емисиите од секторот шумарство и заштита на шумите (програма REDD+);
- Пазарни механизми кои овозможуваат намалување на трошоците во борбата против глобалното затоплување, давање вредносен сигнал на иновациите и унапредување на технолошките и финансиските текови на земјите во развој.

Конференцијата во Канкун исто така има за цел да востанови мапа со која ќе бидат зацртани чекорите кон финализација на преговорите за глобалното усогласување кое треба да биде комплетирано во текот на 2011 година, а го ограничува затоплувањето за 2°C.

*Улогата на ЕУ и Белгиското претседателство*

За Европската унија од суштинско значење е воспоставувањето баланс помеѓу двете насоки на преговарање: преговори како континуитет на Протоколот од Кјото од една страна, и глобалното усогласување во кое ќе бидат вклучени сите членки на Конвенцијата за Рамка за климатски промени на Обединетите нации од друга страна. Ова особено имплицира на тоа дека државите кои се најголеми емитери на стакленички гасови, а се‘ уште не се принудени да ги ограничат нивните емисии, мораат цврсто да се обврзат на оваа насока, со тоа што ќе ги почитуваат различните околности на развиените земји и земјите во развој.

**Вторник, 7 септември 2010 година**

**ПОСТИГНАТ ДОГОВОР ЗА ИДНИНАТА НА ФИНАНСИСКИОТ НАДЗОР ВО ЕУ**




Преговорите меѓу владите на земјите-членки на ЕУ, Европскиот парламент и Европската комисија, на 2 септември, резултираа со постигнување на договор за иднината на финансискиот надзор во ЕУ. Финансиската и економската криза покажа дека одредени банки и други финансиски институции може да предизвикаат сериозни последици за економијата на ЕУ и европските граѓани.

Договорот за принципите за создавање на поефикасен надзор на европските финансиски пазари предвидува регулирање на прописите во различни сектори: банкарскиот и осигурителниот сектор и финансиските пазари.

Европскиот одбор за следење на системски ризици како ново тело, ќе работи на макро ризиците, односно на ризици за стабилноста на финансискиот систем во целина.

Три нови европски органи за супервизија, ќе се посветат на ризиците за стабилноста на банкарските и осигурителните пазари и на финансиските инструменти. Одлуките кои ќе се донесуваат од органите за супервизија ке бидат директно применливи за поединечни финансиски институции во случаи кога не се применува правото, при одредени прекршувања, како и при несогласување помеѓу националните органи.

Договорот треба да биде одобрен од Советот за економски и финансиски прашања (ECOFIN) на состанокот на 7 септември, а потоа и од Европскиот парламент. Се

очекува договорот да биде претставен во Европскиот парламент на втората пленарна сесија кон крајот на септември. Доколку договорот се одобри во двете фази, ќе се преземат сите неопходни чекори за практично воведување на новиот систем од 1 јануари 2011 година.

**Петок, 10 септември 2010**
**ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ**

Европската недела на мобилност, која се организира од 2002 година, се одржа и годинава од 16 до 22 септември. Целта на кампањата беше подигнување на свеста на граѓаните за потребата да се дејствува против загадувањето предизвикано од зголемувањето на сообраќајот во урбаните средини и поттикнување да ги променат навиките за индивидуален транспорт, односно да се пренасочат кон алтернативни начини на превоз кои помалку или воопшто не предизвикуваат загадување на околината.

Овогодинешната кампања под мотото „Патувај поумно - живеј подобро“ е со цел да се охрабрат локалните власти за промовирање на одржливо патување (велосипед, пешачење, јавен транспорт и др.) и да се истакне позитивното влијание од овој вид на превоз врз јавното здравје. Се очекува повеќе од 200 милиони луѓе од цела Европа и пошироко да учествуваат во овој глобален настан посветен на користење на алтернативен урбан превоз.

Европската недела на мобилност е координирана од три невладини организации специјализирани за прашања од областа на урбаната животна средина. Директоратот за животна средина на Европската комисија обезбедува финансиска поддршка и организира доделување на годишни награди за најдобрите програми, активности и мерки од Европската недела на мобилност.

Повеќе информации на следниот линк: www.mobilityweek.eu

**Понеделник, 20 септември 2010 година**
**ЕВРОПСКА СТРАТЕГИЈА ЗА БИОЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ**



Клучна улога во новата ЕУ стратегија 2020 ќе има биоекономијата базирана на знаење. Стратегијата ќе обезбеди биолошки решенија за: храната, енергетската криза, намалување на климатските промени и зачувување на биодиверзитетот преку технологијата и индустриската биотехнологија. Биоекономијата како дел од ЕУ стратегијата 2020, е во насока на обезбедуање на нова одржлива, социјална и пазарна економија, позелена економија и напредок обезбеден преку иновации и подобро користење на ресурсите и знаењето, односно науката.

Стратегијата на ЕУ 2020 ќе се гради врз постигнатите резултати од Лисабонската стратегија од 2005 година, која се фокусираше на растот и работните места, но исто така ќе се адресираат и одредени недостатоци од истата.

Во фокусот на биоекономијата базирана на знаење се одржливото управување, производството и користењето на обновливи биолошки извори, преку науката и биотехнологијата и нивна конвергенција со другите видови на технологии. На овој начин ќе се одговори на големите општествени предизвици, подобрување на конкурентноста во ЕУ и високите побарувања на потрошувачите. Во главните сектори на европската биоекономија се земјоделството, шумарството, рибарството, храна, енергија и хемикалии, во кои се вработени околу 22 милиони луѓе.

Преминот кон целосна, одржлива и конкурентна биоекономија може да овозможи безбедна храна во Европа и пошироко, позелена индустрија преку замена на петрохемикалиите со обновливи биолошки суровини и биолошки процеси во секторите на: хемикалии, храна, детергенти, хартија, текстил, биогорива и др. Европската комисија ја препозна индустриската биотехнологија како клучна технологија за справување со климатските промени.

На Конференцијата посветена на биоекономија базирана на знаење, што се одржа на 14 септември оваа година во Брисел, се разговараше за новата европска визија и плановите за дејствување во пресрет на 2020 година. Според Европскиот комесар за истражување и иновации, Маире Џохеган, Куин „вистинско време е да се промовира европска стратегија за развој на биоекономијата, која ќе има за цел зајакнување на европското лидерство во биолошките науки“.

Концептот „Европска биоекономија базирана на знаење“ беше промовиран во 2005 година од страна на Европската комисија и стана интегрален дел од Седмата рамковна програма. Други важни механизми во оваа област се: иницијативите на земјите-членки преку европските мрежи од областа на истражувањето (ERA-NET`s), десетте европски технолошки платформи за биоекономија и активностите на Постојаната комисија за координација на истражувањата во земјоделството (SKAR).

Европската комисија ќе започне процес на консултации кон крајот на оваа година. Стратегијата се планира да биде на дневниот ред на Советот на министри, во пролетта 2012 година.

**Петок, 24 септември 2010**

**СОСТАНОК НА ВИСОКО НИВО ЗА МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ**




Од 20 до 22 септември оваа година во Њујорк се одржа самит на Обединетите нации, на кој светските лидери преговараа за милениумските развојни цели до 2015 година. Тридневниот самит заврши со усвојување на глобален акционен план за исполнување на осумте цели против сиромаштијата до 2015 година.

Членките на ОН во септември 2000 година ги усвоија милениумските развојни цели при што се обврзаа истите да ги остварат до 2015 година. Милениумските развојни цели опфаќаат осум области: искоренување на сиромаштијата и гладта, универзално образование-пристап до основното образование, родова еднаквост, намалување на смртноста кај децата, подобрување на здравјето на мајките, борба против ХИВ/СИДА и други заразни болести, обезбедување еколошка одржливост и создавање глобално партнерство за развој.

Европската унија е целосно определена за остварување на милениумските развојни цели до 2015 година, кое е можно доколку сите страни демонстрираат силни политички заложби, имплементирање на потребните промени во политиките и превземање на конкретни акции.

Како дел од милениумските развојни цели, Европската унија се обврза да ја зголеми официјалната помош за развој на 0,7% од бруто националниот приход до 2015 година. Од 2000 година, Европа двојно ја зголеми помошта за земјите во развој. Европската комисија на 21 април оваа година усвои амбициозен план за поддршка на милениумските развојни цели.

**Среда, 13 октомври 2010**

**НОВИ УПАТСТВА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ НА РУДАРСТВО И БИОДИВЕРЗИТЕТ**



Европската комисија на 4 октомври оваа година објави нови упатства за појаснување на правилата кои се применуваат во индустријата за експлоатација на природни ресурси во заштитени природни подрачја. Со порастот на побарувачката на суровини во Унијата, пристапот до расположливо земјиште за експлоатација е прашање на кое му се посветува сѐ поголемо внимание. Економските импликации од оваа индустрија се мошне големи, во 2007 година во овој сектор биле вработени околу 290.000 луѓе.

Со новите упатства не се менуваат законите или ЕУ политиките, главната цел е да се задоволат потребите на индустријата, од една страна и да се избегнат негативните ефекти врз живиот свет и природата, од друга страна. Упатствата обезбедуваат правилно спроведување на европските директиви за птици и живеалишта. Објавените упатства се однесуваат на рударската неенергетска индустрија и потенцијалните влијанија на рударските активности врз природата и биодиверзитетот. Во нив се разгледуваат можностите како на најдобар начин да се намалат или целосно да се избегнат влијанијата, а се потенцира важноста од стратешкото планирање и соодветна проценка на подобрувањето.

Натура 2000 е централната точка на политиката за природа и биодиверзитет на Европската унија. Таа претставува еколошка мрежа на заштитени природни подрачја која сега покрива околу 18% од територијата на ЕУ, речиси 26.000 локации во 27 земји-членки. Натура 2000 е основана согласно Директивата за природни живеалишта од 1992 година. Мрежата претставува клучен инструмент за борба против загубата на биодиверзитетот, а нејзина цел е да обезбеди долгорочен опстанок на најскапоцените и

најзагрозените видови и живеалишта во Европа. Натура 2000 претствува и флексибилен план кој овозможува одржливост на рударството без да се загрози интегритетот на мрежата.

**Среда, 13 октомври 2010 година**
**НОВИ ПРАВИЛА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ПОБАРУВАЊА И ПОЛИТИКИТЕ НА НАДОМЕСТОЦИ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР**



Советот на Европската унија на 11 октомври 2010 година усвои директива за измени на Директивата 2006/48/ЕС и Директивата 2006/49/ЕС, која има за цел зајакнување на капиталните побарувања и објавувања за портфолијата за тргување и за инструментите за реосигурување во банкарскиот сектор.

Директивата утврдува повисоки и зајакнати капитални побарувања за одредени основни средства на банките. Овој пристап е во согласност со пристапот на Базелскиот комитет за банкарска супервизија, кој опфаќа 28 земји-членки.

Исто така целта на новата директива е и да обезбеди дека политиките на надоместоци и награди во банкарскиот сектор нема да генерираат неприфатливи степени на ризици. Директивата воведува обврска политиките на награди во финансиските институции да бидат предмет на претпазлива супервизија. Надзорните органи отсега ќе треба да вршат мониторинг на импликациите на политиките на надоместоци и награди.

Општо познато е дека слабостите во регулаторната рамка за капиталните побарувања за банкарскиот сектор, како и во управувањето со ризиците на финансиските институции, придонесоа за кризата на светските финансиски пазари.

**Вторник, 19 октомври 2010 година**
**ПОДОБРА ПРИМЕНА НА ПРАВОТО НА ЗАЕДНИЦАТА**




Европската комисија на 1 октомври оваа година презентираше Годишен извештај за следење на примената на правото на Заедницата за 2009 година. Обрската на Комисијата секоја година да презентира годишен извештај е согласно барањето на Европскиот парламент од 1984 година.

Во Извештајот за 2009 година потенцирана е важноста за целосна и правилна примена на правото на Европската унија, се идентификува напредокот постигнат во минатата година во имплементацијата, управувањето и спроведувањето на правото на ЕУ. Покрај нотирањето на подобрувањата, сепак доцнењето на земјите членки во транспозицијата на директивите, останува главен предизвик. Овој системски проблем влијае врз претпријатијата и граѓаните во ЕУ. Со цел да се решат проблемите како и за да се обезбеди ефикасна примена на правото на ЕУ, со заедничко партнерство меѓу земјите членки ќе се прошират инструментите и ќе се интензивираат напорите. Европската комисијата ја охрабрува зголемената соработка на земјите членки во

областа на превентивните мерки, со цел да обезбеди подобро и навремено спроведување и примената на правото.

Споредбените табели придонесуваат за транспарентноста и за подобрување на пристапот до правото, ја унапредуваат соработката меѓу Комисијата и земјите членки при разгледувањето на транспозицијата, овозможуваат рана идентификација на одредени прашања. Во процесот на управување со примената на правото важен е и придонесот на експертските групи.

Хоризонталните инструменти како СОЛВИТ и ЕУ Пилот проектот се развиваат и даваат добри резултати, земјите членки активно придонесуваат за успешноста на овие инструменти.

Забележана е потребата да се посвети поголемо внимание на спроведувањето на мерките при подготовката на нова легислатива, кои може да се хоризонтално применливи или креирани за одделни специфични сектори. Кога законодавството на ЕУ содржи мерки за извршување, Комисијата е надлежна за обезбедување на целосна примена на мерките, правилна имплементација и употреба.

Европското законодавството често пати вклучува и обврска за Комисијата да изготви извештај за почетокот на примена на мерката (рана примена). Комисијата ја нагласува вредноста на овие извештаи, врз основа на придонесите на земјите членки, во зголемување на вниманието на оценката на влијанието на законодавството на ЕУ.

СОЛВИТ е мрежа формирана во 2002 година од страна на ЕК и земјите членки на ЕУ (плус Норвешка, Исланд и Лихтенштајн), за обезбедување на практични решенија за граѓаните и бизнисите, за проблемите предизвикани од неправилно спроведување на правилата за единствениот пазар.

Пилот проектот на ЕУ е во функција од 2008 година, негова цел е да обезбеди побрзи и поцелосни одговори на прашањата, како и решенија за проблемите кои произлегуваат при спроведувањето на законодавството на ЕУ, особено прашањата покренати од страна на граѓаните и бизнисите.

**Понеделник, 1 ноември 2010 година**

**ДЕСЕТТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СТРАНИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКИ ДИВЕРЗИТЕТ**



Во рамките на одбележувањето на Меѓународната година на биодиверзитет, во Нагоја, Јапонија од 18 до 29 октомври 2010 година, Конвенцијата за биолошки диверзитет (CBD) ја одржа Десеттата Конференција. На Конференцијата учествуваа повеќе од 10.000 претставници од 192 земји како и од Европската унија. Целта на Конференцијата е да се поставаат нови цели за заштита и одржливо користење на биодиверзитетот за наредните 10 години, и да се развие визијата за 2050.

Конвенцијата за биодиверзитет е формирана во 1992 година после Самитот во Рио, со

цел да се обезбеди заштита и одржлива употреба на биолошката разновидност. Трите цели: екологија, општество и економија, претставуваат три столба на Конвенцијата. Досега, 193 страни вклучително и Европската унија, ја потпишаа Конвенцијата. Во 2002 година земјите се обврзаа за намалување на стапката на загуба на биодиверзитетот до 2010 година. На Конференцијата на страните (COP10), сите 193 членови повторно се состануваат за да поднесат извештај за постигнатиот напредокот и да се донесат важни одлуки за управувањето со глобалниот биодиверзитет во иднина.

Во Нагоја се разгледуваат бројни прашања кои се однесуваат на: интеракција помеѓу биолошката разновидност и климатските промени, биогоривата, соработката меѓу конвенциите, морскиот и крајбрежниот биодиверзитет, одржливо користење, заштитени резервати, буџетот и др. Поголем акцент ќе биде ставен на развојот на целите до 2010 и новиот стратешки план. Еден месец пред Конференцијата на страните, шефовите на држави или влади, за прв пат досега, дискутираа за кризата со биодиверзитетот на Генералното собрание на Обединетите нации во Њујорк.

Се очекуваат и одредени заклучоци во врска со преговорите за воспоставување на меѓународен систем за пристап и размена на придобивките. Најверојатно овој систем ќе биде во форма на протокол за консолидирање на третиот економски столб на Конвенцијата за биодиверзитет.

Самитот беше затворен со донесувањето на историски одлуки кои се однесуваа на заштита на биодиверзитетот. Претставниците се согласија за пакетот на мерки со кои ќе се обезбеди дека екосистемите на планетата и понатаму ќе бидат корисни за човечкото постоење. Учесниците на средбата се согласија дека поставените цели се исполнети, во таа насока се усвои и нов десетогодишен план според кој ќе бидат насочени меѓународните и националните напори за заштита на биодиверзитетот. Планот опфаќа засилени акции со цел да се исполнат целите на Конвенцијата за биодиверзитет, стратегија за мобилизација на ресурсите, како и нов меѓународен протокол за пристап и користење на придобивките од употребата за генетски ресурси од планетата.

За значењето на постигнатиот договор, Ахмет Џоглаф, извршен секретар на Конвенцијата истакна дека историјата ќе забележи дека во Нагоја се роди нова ера на живеењето во хармонија и се воспостави нов глобален сојуз за заштита на животот на земјата. Тој додаде дека "ако Кјото влезе во историјата како град во кој се склучи договорот за климатските промени, тогаш Нагоја ќе биде запаметена како град во кој се постигна согласност за биолошката разновидност".

Помеѓу поважните донесени заклучоци се и согласноста на учесниците дека загубата на природните богатства треба да се биде доведе до минимум, да се воспостави цел од 17% на земјени и внатрешни водни површини и 10% од марински и крајбрежни области, конзервација и реставрација од најмалку 15% од загадените области и специјални мерки за намалување на притисокот од влијанието на коралните гребени.

**Понеделник, 1 ноември 2010 година**

**ДЕСЕТТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СТРАНИТЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БИОЛОШКИ ДИВЕРЗИТЕТ**



Во рамките на одбележувањето на Меѓународната година на биодиверзитет, во Нагоја, Јапонија од 18 до 29 октомври 2010 година, Конвенцијата за биолошки диверзитет (CBD) ја одржа Десеттата Конференција. На Конференцијата учествуваа повеќе од 10.000 претставници од 192 земји како и од Европската унија. Целта на Конференцијата е да се поставаат нови цели за заштита и одржливо користење на биодиверзитетот за наредните 10 години, и да се развие визијата за 2050.

Конвенцијата за биодиверзитет е формирана во 1992 година после Самитот во Рио, со цел да се обезбеди заштита и одржлива употреба на биолошката разновидност. Трите цели: екологија, општество и економија, претставуваат три столба на Конвенцијата. Досега, 193 страни вклучително и Европската унија, ја потпишаа Конвенцијата. Во 2002 година земјите се обврзаа за намалување на стапката на загуба на биодиверзитетот до 2010 година. На Конференцијата на страните (COP10), сите 193 членови повторно се состануваат за да поднесат извештај за постигнатиот напредокот и да се донесат важни одлуки за управувањето со глобалниот биодиверзитет во иднина.

Во Нагоја се разгледуваат бројни прашања кои се однесуваат на: интеракција помеѓу биолошката разновидност и климатските промени, биогоривата, соработката меѓу конвенциите, морскиот и крајбрежниот биодиверзитет, одржливо користење, заштитени резервати, буџетот и др. Поголем акцент ќе биде ставен на развојот на целите до 2010 и новиот стратешки план. Еден месец пред Конференцијата на страните, шефовите на држави или влади, за прв пат досега, дискутираа за кризата со биодиверзитетот на Генералното собрание на Обединетите нации во Њујорк.

Се очекуваат и одредени заклучоци во врска со преговорите за воспоставување на меѓународен систем за пристап и размена на придобивките. Најверојатно овој систем ќе биде во форма на протокол за консолидирање на третиот економски столб на Конвенцијата за биодиверзитет.

Самитот беше затворен со донесувањето на историски одлуки кои се однесуваа на заштита на биодиверзитетот. Претставниците се согласија за пакетот на мерки со кои ќе се обезбеди дека екосистемите на планетата и понатаму ќе бидат корисни за човечкото постоење. Учесниците на средбата се согласија дека поставените цели се исполнети, во таа насока се усвои и нов десетогодишен план според кој ќе бидат насочени меѓународните и националните напори за заштита на биодиверзитетот. Планот опфаќа засилени акции со цел да се исполнат целите на Конвенцијата за биодиверзитет, стратегија за мобилизација на ресурсите, како и нов меѓународен протокол за пристап и користење на придобивките од употребата за генетски ресурси од планетата.

За значењето на постигнатиот договор, Ахмет Џоглаф, извршен секретар на Конвенцијата истакна дека историјата ќе забележи дека во Нагоја се роди нова ера на живеењето во хармонија и се воспостави нов глобален сојуз за заштита на животот на

земјата. Тој додаде дека "ако Кјото влезе во историјата како град во кој се склучи договорот за климатските промени, тогаш Нагоја ќе биде запаметена како град во кој се постигна согласност за биолошката разновидност".

Помеѓу поважните донесени заклучоци се и согласноста на учесниците дека загубата на природните богатства треба да се биде доведе до минимум, да се воспостави цел од 17% на земјени и внатрешни водни површини и 10% од марински и крајбрежни области, конзервација и реставрација од најмалку 15% од загадените области и специјални мерки за намалување на притисокот од влијанието на коралните гребени.

**Среда, 17 ноември 2010 година**
**САМИТ ПОСВЕТЕН НА РАМНОПРАВНОСТА**

На 15 и 16 ноември оваа година, во Брисел се одржа Четвртиот самит посветен на рамноправноста, во рамките на Белгиското претседателство со ЕУ. Во фокусот на Самитот беше борбата против дискриминацијата и промовирање на еднаквоста на работното место.

Десет години по донесувањето на Директивата 2000/78/СЕ на Советот за воспоставување на општа рамка за еднаков третман при вработување и професијата, на Самитот се изврши проценка на примената на Директивата и анализа на постигнатиот напредок во законодавството кај земјите членки на Унијата, на улогата на социјалните партнери и влијанието на програмите за борбата против четирите видови на дискриминација опфатени со Директивата.

На Самитот учествуваа околу 500 високи претставници од земјите членки на ЕУ, земјите кандидати, Европската асоцијација за слободна трговија (ЕФТА), социјални партнери, претставници на организации за еднаквост, европски невладини и меѓународни организации.

Целта на Белгиското претседателство со ЕУ, за овој Самит беше да се идентификува пристапот за зајакнување на стратегијата за борба против дискриминација при вработувањето.

**Понеделник, 29 ноември 2010 година**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕНОСТА ВО ЕВРОПА ЗА 2010**



Европскиот комесар за вработување, социјални работи и инклузија, г. Лазло Андор, на 25 ноември оваа година, го презентираше Годишниот извештај за вработеноста во Европа. Во Извештајот за 2010 година даден е сеопфатен преглед на динамиката на вработувања во ЕУ за текот на кризата, анализа на преземените мерки на пазарот на труд од страна на земјите-членки и проценка на можностите за зајакнување на мерките. Во Извештајот се анализирани ефектите од привремените и постојаните договори за вработување, особено во однос на младите луѓе.

Повеќето од неодамна имплементираните мерки за заздравување од кризата можат да бидат применливи привремено, нивниот успех е неизвесен доколку структурните пречки не се адресираат од повеќето земји-членки.

Извештајот за вработеноста во Европа претставува главна алатка за анализа на достигнувањата во вработеноста и развојот на пазарот на трудот во ЕУ, како и за земјите кои пристапуваат во ЕУ и земјите-кандидати. Извештајот обезбедува основни аналитички и статистички податоци за други важни документи и клучни инструменти од Европската стратегија за вработување.

Ваков извештај се изготвува од 1989 година, од Одделението за анализа на вработеноста при Генералниот директорат за вработувања, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија, во соработка со Еуростат.

**Петок, 3 декември 2010 година**
**ОДОБРЕН ПАКЕТ ЗА ФИНАНСИСКА СУПЕРВИЗИЈА**



Претседателот на Европскиот парламент г.Јержи Бузек и државниот секретар за европски работи г. Оливер Частел, на 24 ноември потпишаа низа законодавни акти, донесени по принципот на со-одлучување, меѓу кои и пакетот на закони за финансиска супервизија.

Пакетот на мерки произлезе од конструктивниот дијалог помеѓу Европскиот парламент и Советот на Унијата. Со мерките се предвидува формирање на ново и круцијално тело, Европски одбор за системски ризици (ESRB). Телото ќе биде оперативно почнувајќи од јануари 2011 година, со административна поддршка на Европската централна банка. Советот ќе бара одборот да се стекне со аналитички способности и да овозможи навремени предупредувања во Европа, како и да развива партнерски односи со микро-прудентни супевизори со сите други надлежни институции.

Надзорните органи ќе бидат срцето на европската супервизија, која ќе биде неопходно потребна за зацврстување на внатрешниот пазар. Тие ќе обезбедат конзистентна примена на правилата на Унијата и ќе ги заменат националните власти во вршењето на надзор.

**Петок 10 декември 2010 година**
**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**




Денеска во светот се одбележува Денот на човековите права. Принципите на слобода, демократија, почитување на основните човекови права и слободи и владеењето на правото се неразделиви принципи во процесот на европска интеграција и предуслов за мир, развој и безбедност во секое општество.

Европската унија ја поттикнува универзалноста и

неразделивоста на човековите права - (граѓански, политички, економски, социјални и културни) кои се зацртани во Универзалната декларација за човекови права и потврдени на Светската конференција за човекови права во Виена од 1993.

Во членот 11 од Договорот за Европската унија е дефинирано дека една од целите на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ е развојот и зајакнување на демократијата, владеењето на правото и почитување на основните човекови права и слободи.

Човековите права се во центарот на надворешните односи на ЕУ, преку политичкиот дијалог со трети земји, развојната политика и помошта, како и учеството во мултилатерални форуми како Обединетите нации.

**Вторник, 14 декември 2010 година**
**КОНФЕРЕНЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ПОСВЕТЕНА НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ**



Од 29 ноември до 10 декември оваа година во Канкун, Мексико се одржа Конференција на ОН за климатските промени. На крајот на конференцијата, на 11 декември беше донесен балансиран пакет на одлуки со кои владите ја зацврстуваат определбата за пониски емисии на јаглерод во иднина како и поддршка за засилено дејствување кон климатските промени во светот.

Обединетите нации промовираа иницијативи и институции за заштита на сиромашните земји од климатските промени, за развивање на средства и технологии кои земјите во развој треба да ги планираат и градат за нивна одржлива иднина. ОН постигнаа согласност за конкретно дејствување за заштита на шумите на земјите во развој.

Во елементите од постигнатите договори во Канкун е вклучено следното:

1. Целите на индустриските земји се признати во рамките на мултилатералниот процес, овие земји треба да развиваат ниско јаглеродни развојни планови и стратегии, да проценат како на најдобар начин ќе ги исполнат истите, вклучувајќи ги пазарните механизми и известување за евиденцијата на годишно ниво.
2. Акциите за намалување на емисиите на земјите во развој официјално се признати во рамките на мултилатералниот процес. Треба да се воспостави регистар за евиденција на олеснителните постапки на земјите во развој за финансирање и технолошка поддршка од страна на индустриските земји, Земјите во развој треба да објавуваат извештаи за напредокот на две години.
3. Договорните страни во рамките на Протоколот од Кјото се согласуваат за продолжување на преговорите со цел да се финализираат работите и да се обезбеди континуитет на обврските помеѓу првиот и вториот период од договорот.

4. Механизмите за чист развој од Кјото Протоколот се зајакнуваат со цел да се привлечат поголеми инвестиции и технологија во еколошка насока и одржливи проекти за намалување на емисиите кај земјите во развој.
5. Договорните страни започнаа иницијативи за заштита на ранливите групи од климатските промени и за распределба на средства и технологии кои треба да ги планираат земјите во развој за градење на одржлива иднина.
6. Средства во износ од 30 милијарди долари за брзо финансирање од индустриските земји за поддршка на климатските активности на земјите во развој до 2012 година, со интенција да достигнат до 100 милијарди долари како долгорочни средства до 2020 година.
7. Во областа на климатското финансирање, утврден е процес на креирање на климатски зелен фонд во рамките на договорените страни на Конференцијата со подеднаква застапеност на развиените и земјите во развој.
8. Новата "Рамка за прилагодување од Канкун" е формирана за да овозможи подобро планирање и примена на проекти во земјите во развој преку зголемена финансиска и техничка поддршка.
9. Владите се согласуваат да се зајакне дејствувањето за намалување на емисиите и уништувањето на шумите во земјите во развој преку технолошка и финансиска поддршка.
10. Се воспоставува техолошки механизам преку Технолошко-извршна комисија, климатско-технолошки центар и мрежа за зголемување на соработката како поддршка на акцијата за прилагодување.

Следната конференција е планирана да се одржи од 28 ноември до 9 декември 2011 година во Јужна Африка.

**Среда, 15 декември 2010 година**
**ЕВРОПСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА**



На состанокот одржан во Брисел на 14 декември оваа година, Советот за општи работи на ЕУ го поддржа договорот постигнат меѓу Европскиот парламент и Европската комисија во врска со нацрт-регулативата за Европската граѓанска иницијатива. Со нацрт-регулативата се утврдуваат постапките и условите за спроведување на граѓанската иницијатива. Предложената иницијатива мора да биде во рамките на областа која е во надлежност на ЕУ и во согласност со вредностите на Унијата.

Со Европската граѓанска иницијатива што претставува новина која произлегува од Договорот од Лисабон, ќе им се овозможи на најмалку еден милион граѓани од најмалку ¼ од земјите членки, да ја повикаат Европската комисија да покрене законодавни предлози во областите кои се во нејзина надлежност.

За прв пат на граѓаните на ЕУ ќе им се овозможи директно да предлагаат ново европско законодавство, што претставува нова димензија на партиципативна демократија во Унијата. Исто така ќе се поттикне прекугранична дебата за ЕУ прашања што ќе придонесе за развојот на вистински европски јавен простор.

Организаторите на граѓанската иницијатива, граѓанскиот комитет составен од најмалку седум граѓани резиденти на седум различни земји членки на ЕУ, откако ќе извршат регистрација на иницијативата ќе имаат рок од една година да собираат еден милион потписи, како и да достават информации за финансирањето и поддршката. Комисијата во рок од три месеци ќе треба да ја испита иницијативата и да одлучи како ќе дејствува по истата.

На 30 ноември беше постигната согласност за нацрт-директивата, се очекува Европскиот парламент да го одобри текстот во прво читање. Советот потоа ќе ја усвои регулативата без понатамошна расправа откако ќе се финализира договорениот текст на актот. Регулативата за Европската граѓанска иницијатива треба да влезе во сила најдоцна до почетокот на следната година. Регулативата треба да се применува од 2012 година со цел да им се овозможи на земјите членки и Комисијата да ги превземат сите потребни мерки за нејзино спроведување.

**Понеделник, 20 декември 2010**
**НОВА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ 2010-2014**

Европската комисија денес промовираше нова Стратегија за еднакви можности на жените и мажите, за периодот 2010-2014.



Стратегијата се базира на три главни принципи:

1. привлекување, развој и одржување на балансирана работна сила,
2. промовирање на пофлексибилна работна средина и
3. обезбедување на сопственост на стратегијата на највисоко ниво.

Ќе се постават нови цели за бројот на жените на повисоките и средните менаџерски позиции. Еднаквите можности систематски треба да се интегрираат во човечките ресурси на секој генерален директорат на Европската комисија. Секој оддел на Европската комисија ќе треба да подготви план за постигнување на целите, а ќе следат и редовни ревизии преку Генералниот директорат за човечки ресурси.